ПП бр: 09-17/

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка (1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и бр.83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во состав: М-р. Борче Размоски–Претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски, Никола Трајчевски и Valon Elezi -членови постапувајќи во постапка поведена по службена должност со заклучок ПП бр.09-17/1 од 07.02.2025 година против физичкото лице Ерџан Сулкоски, XXX застапувано од Ѓорѓи Доновски, адвокат од Скопје, на седница одржана на ден 27.08.2025 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека физичкото лице Ерџан Сулкоски, XXX застапувано од Ѓорѓи Доновски, адвокат од Скопје иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата бил должен до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за концентрација пред нејзиното спроведување односно пред поднесувањето на пријава за промена до Централниот регистар на Република Северна Македонија на 23.08.2022, а по склучување на Договорот за пренос на удел од 16.08.2022 година,, истото во наведениот период не поднело известување за концентрација, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за што на физичкото лице Ерџан Сулкоски, со адреса на живеење XXX му се изрекува санкција - глоба во износ од 307.000 денари што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на физичкото лице Ерџан Сулкоски (пресметан согласно член 16 од Законот за заштита на конкуренцијата) остварен во 2021 година како година која и претходи на концентрацијата.

2. Се утврдува дека физичкото лице Ерџан Сулкоски, XXX, застапувано од Ѓорѓи Доновски, адвокат од Скопје иако согласно член 18 став (1) од Законот не смеело да ја спроведе концентрацијата пред 16.07.2025 година, како ден кога Комисијата за заштита на конкуренцијата донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата, физичкото лице Ерџан Сулкоски XXX ја спровело концентрацијата на 23.08.2022 година со поднесување на пријава за промена до Централниот регистар на Република Северна Македонија, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата за што на физичкото лице Ерџан Сулкоски, XXX му се изрекува санкција - глоба во износ од 2.152.000 денари што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на физичкото лице Ерџан Сулкоски, XXX (пресметан согласно член 16 од Законот за заштита на конкуренцијата) остварен во 2021 година како година која и претходи на концентрацијата.

3.За прекршоците од точка 1) и 2) од ова решение на физичкото лице Се утврдува дека физичкото лице Ерџан Сулкоски, со адреса на живеење XXX, застапувано од Ѓорѓи Доновски, адвокат од Скопје му се изрекува единствена санкција-глоба во износ од 2.459.000 денари, што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на

физичкото лице Ерџан Сулкоски, со адреса на живеење XXX, (пресметан согласно член 16 од Законот за заштита на конкуренцијата) остварен во 2021 година како година која и претходи на концентрацијата

4.Глобата од точка 3) од ова решение, сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата**.** Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Претседателот на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) како известител по предметот 09-5 од 2024 година на 04.10.2024 година достави допис бр. 09-42/1 до КОП со цел КОП да утврди дали евентуално е сторен прекршок од член од член 60 став (1) точка 1) и /или 60 став (1) точка 2) од Законот.

КОП на 07.02.2025 година по службена должност донесе заклучок ПП бр.09-17/1 за поведување на прекршочна постапка против Ерџан Сулкоски, XXX заради неподнесување на известување за концентрација согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, што претставува прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата и заради спроведување на конценрација спротивно на член 18 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата, што претставува прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Со заклучокот за поведување на прекршочна постапка КОП го задолжи Ерџан Сулкоски**,** согласно член 40 од Законот, да достави:

- податок за вкупно остварени приходи на Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДОО Скопје со седиште на ул Столтенбергова бр.4-к.5./2 Скопје во 2021 година, пресметани согласно член 16 од Законот за заштита на конкуренцијата

-податок за вкупно остварени приходи на Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДОО Скопје со седиште на ул Столтенбергова бр.4-к.5./2 Скопје во 2021 година во Република Северна Македонија, пресметани согласно член 16 од Законот за заштита на конкуренцијата,

-податок за вкупно остварени приходи на Друштво за производство, трговија и услуги ПАЦИФИК ПЕТРОЛЕУМ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.Дане Крапчев бр.12

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

Скопје, во 2021 година, пресметани согласно член 16 од Законот за заштита на конкуренцијата и

-податок за вкупно остварени приходи на Друштво за производство, трговија и услуги ПАЦИФИК ПЕТРОЛЕУМ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.Дане Крапчев бр.12 Скопје, во 2021 година во Република Северна Македонија, пресметани согласно член 16 од Законот за заштита на конкуренцијата,

Наведениот заклучок е доставен со пропратно писмо ППбр.09-17/2 од 07.02.2025 година.

Со допис наш ППбр. 09-17/3 од 20.02.2025 година Ерџан Сулкоски одговори на наведениот заклучок.
На ден 04.04.2025 година КОП донесе Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-17/4 и го достави до допис ПП бр.09-17/5 од 04.04.2025 гдина.

Шермие Сулкоска достави допис до КОП наш ПП бр.09-17/6 од 25.04.2025 година.

КОП на ден 28.04.2025 година со Допис ППбр.09-17/7 достави Прелиминарно известување.

Основен кривичен суд Скопје достави допис неш ПП бр.09-17/8 од 07.05.2025.

Со допис ПП бр 09-12/10 од 22.07.2025 година Комисијата за заштита на конкуренцијата достави известување до КОП.

На ден 25.07.2025 година КОП донесе Кобнечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-17/9 и го достави до допис ПП бр.09-17/10 од 25.07.2025 гдина.

На ден 01.08.2025 година со допис (Наш бр.09-17/11) Ерџан Сулкоски достави Изјаснување.

На ден 15.08.2025 година со допис (Наш бр.09-17/12) Ерџан Сулкоски достави дополнување на изјаснувањето.

**Врз основа на анализа на доставените податоци и документи КОП во досегашната постапка по предметот, ја утврди следната фактичка состојба:**

Претседателот на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) како известител по предметот 09-5 од 2024 година на 04.10.2024 година достави допис бр. 09-42/1 до КОП со цел КОП да утврди дали евентуално е сторен прекршок од член од член 60 став (1) точка 1) и /или 60 став (1) точка 2) од Законот.

Во дописот се наведува дека на ден 29.01.2024. година со допис 12-462/59 од 28.12.2023 година (Наш број 09-5/1 од 29.01.2024 година) од Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставен допис – Иницијатива. Во прилог на дописот, доставени се и одлука на ДКСК од 27.12.2023 година по предмет бр.12-462/1 како и Иницијатива за

утврдување на одговорност, согласно донесена одлука на ДКСК 12-462/54 од 27.12.2023 година.
Од доставената Иницијатива за утврдување на одговорност видно е дека физичкото лице Ерџан Сулкоски, XXX пристапил кон основачката структура и стекнал контрола над Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДОО Скопје (РКМ ДОО Скопје) со седиште на ул Столтенбергова бр.4-к.5./2 Скопје со што настанала концентрација за која постоела обврска да се достави известување до Комисијата за заштита на конкуренцијата и дека според податоците од Историјатот на промени за Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДОО Скопје на ден 23.08.2022 година до Централниот регистар на Република Северна Македонија е поднесена пријава за промен , меѓу другото и на основачи, основна главнина и на Актот за основање, по што фичичкото лице Ерџан Сулкоски, XXX со паричен влог стекнал 65% од уделите во Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДОО Скопје, со што стекнал контрола над Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДОО Скопје, како и дека Ерџан Сулкоски е единствен содружник во Друштво за производство, трговија и услуги ПАЦИФИК ПЕТРОЛЕУМ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.Дане Крапчев бр.12 Скопје, видно од Тековна состојба за наведеното друштво.

***Настанување на концентрација***

Согласно член 12 став (1) точка 2) алинеа 2 од Законот, концентрација настанува со промена на контролата на долгорочна основа, а особено како резултат на стекнување на директна или индиректна контрола на целото или делови од едно или повеќе други претпријатија од едно или повеќе лица кои веќе контролираат најмалку едно претпријатие.

На ден 16.08.2022 година е склучиле Договор за пренос на удел согласно кој лицето Ратко Капушевски од Скопје XXX во својство на пренесувач на удел му пренесува 65% од уделот во Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДОО Скопје на примачот на удел, лицето Ерџан Сулкоски XXX.

Според податоците од Историјатот на промени за Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДОО Скопје на ден 23.08.2022 година до Централниот регистар на Република Северна Македонија е поднесена пријава за промена, меѓу другото и на основачи, основна главнина и на Актот за основање, по што фичичкото лице Ерџан Сулкоски, XXX со паричен влог стекнал 65% од уделите во Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДОО Скопје, со што стекнал единствена контрола над Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДОО Скопје

Ерџан Сулкоски е единствен содружник во Друштво за производство, трговија и услуги ПАЦИФИК ПЕТРОЛЕУМ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје со седиште на XXX, видно од Тековна состојба за наведеното друштво.

Од наведеното е јасно дека согласно член 12 став (1) точка 2) алинеа 2 од Законот, настанала концентрација со промена на контролата на долгорочна основа, како резултат на стекнување на директна контрола над Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДОО Скопје од лицето – Ерџан Сулкоски, XXX, а кој веќе контролира најмалку едно

претпријатие - Друштво за производство, трговија и услуги ПАЦИФИК ПЕТРОЛЕУМ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.Дане Крапчев бр.12 Скопје.

***Услови за известување за концентрација***

Согласно член 14 став (1) точка 2) од Законот, известување за концентрација до Комисијата се поднесува ако заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги во Република Северна Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност.

- Друштво за производство, трговија и услуги ПАЦИФИК ПЕТРОЛЕУМ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје во 2021 година остварил вкупни приходи во износ од XXX денари, односно XXX евра[2]. Сите наведени приходи друштвото ги остварило со продажба на стоки и услуги во Република Северна Македонија.
- Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДОО Скопје во 2021 година остварило вкупни приходи во износ од XXX денари, односно XXX евра, додека во Република Северна Македонија остварило вкупен приход од XXX денари односно XXX евра

Од наведените податоци е видно дека заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатијата учесници во концентрацијата остварен со продажба на стоки и услуги во Република Северна Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност, па оттука е исполент условот од член 14 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 15 став (1) од Законот учесниците во коцентрацијата се должни до Комисијата да достават известување за концентрација пред нејзиното спроведување а по склучување на договорот.

Согласно член 15 став (3) од Законот, известување за концентрација поднесува лице, односно претпријатие кое стекнува контрола над цело или дел од едно или повеќе претпријатија Во конкретниот случај неспорно е дека постоела обврска за физичкото лице Ерџан Сулкоски да достави до Комисијата известување за концентрација по склучување на по склучување на Договор за пренос на удел од 16.08.2022 година а пред спроведување на истата.
Спроведување на концентрацијата, во конкретниот случај, настанало со поднесување на пријава за промена, меѓу другото и на основачи, основна главнина и на Актот за основање, до Централниот регистар на Република Северна Македонија на 23.08.2022 година.

Оттука, физичкото лице Ерџан Сулкоски, како лице кое стекнало контрола над Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДОО Скопје иако согласно член 15 од Законот било должно до Комисијата да достави известување за концентрација по склучување Договорот за пренос на удел од 16.08.2022 година, а пред нејзиното спроведување односно пред 23.08.2022 година, истото не поднело известување за концентрација во наведениот период, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот.

Физичкото лице Ерџан Сулкоски целосно известување за наведената концентрација до

[2] Среден курс на НБРСМ на 31.12.2021 година 1 евро=61,6270 денари

Комисијата доставил на ден 03.07.2025 година.

Согласно член 60 став (1) од Законот За сторениот прекршок, од член 60 став (1) точка 1) од Законот, *на физичкото лице Ерџан Сулкоски* ќе му се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата пресметан согласно член 16 од Законот*, односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.*

Вкупните приходи на физичкото лице Ерџан Сулкоски остварени во 2021 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која претходи на концентрацијата изнесуваат XXX денари, односно XXX евра.

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

При одмерување на глобата КОП ги зема во предвид следните олеснителни околности:
- Комисијата со решението бр. 08-87 од 16.07.2025 година, утврди дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот, па оттука со спроведувањето на концентрацијата не е нарушена конкуренцијата и не се предизвикани последици по конкуренцијата на релевантниот пазар;
- физичкото лице Ерџан Сулкоски доброволно ја информира Комисијата за концентрацијата поднесувајќи известување за концентрација бр. 08-87 од 16.05.2025 година, а дополнето на 05.06.2025, 23.06.2025 и на 03.07.2025 година и
- физичкото лице Ерџан Сулкоски ефективно соработуваше со КОП за време на постапката.

Врз основ на горенаведеното КОП утврди дека физичкото лице Ерџан Сулкоски како лице кое стекнало контрола над Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДОО Скопје, иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата било должно до Комисијата да достави известување за концентрација пред нејзиното спроведување односно пред поднесувањето на пријава за промена до Централниот регистар на Република Северна Македонија на 23.08.2022, а по склучување на Договорот за пренос на удел од 16.08.2022 година,, истото во наведениот период не поднело известување за концентрација, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот за што му се изрекува санкција - глоба во износ од 307.000 денари што претставува XXX% од вредноста на вкупниот

годишен приход на физичкото лице Ерџан Сулкоски (пресметан согласно член 16 од Законот) остварен во 2021 година како година која и претходи на концентрацијата.

Согласно член 18 став (1) од Законот, концентрацијата не смее да се спроведе ниту пред да биде поднесено известување за истата до Комисијата, ниту по поднесувањето на известувањето, се додека не биде донесено решение дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот.

КОП утврди дека концентрацијата е спреведена без да биде поднесено_известувањето до Комисијата и без да биде донесено решение од Комисијата, односно Ерџан Сулкоски постапил спротивно на член 18 став (1) од Законот.

Спроведување на концентрација спротивно на член 18 став (1) од Законот претставува прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот.

КОП утврди дека времетраењето на прекршокот од член 60 став (1) точка 2) од Законот е од 23.08.2022 година како ден кога била поднесена пријавата за промена до Централниот регистар на Република Северна Македонија до 16.07.2025 година, како ден кога е донесено решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот.
Врз основа на ова периодот во кој траел прекршокот изнесува 2 години и 11 месец.

Согласно член 60 став (1) од Законот, за сторениот прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот, на Ерџан Сулкоски ќе му се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата пресметан согласно член 16 од Законот*, односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот. Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.*

Вкупните приходи на физичкото лице Ерџан Сулкоски остварени во 2021 година (пресметани согласно член 16 од Законот) како година која претходи на концентрацијата изнесуваат XXX денари, односно XXX евра.

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

При одмерување на глобата КОП ги зема во предвид следните олеснителни околности:
- Комисијата со решението бр. 08-87 од 16.07.2025 година, утврди дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот, па оттука со спроведувањето на

концентрацијата не е нарушена конкуренцијата и не се предизвикани последици по конкуренцијата на релевантниот пазар;
- физичкото лице Ерџан Сулкоски доброволно ја информира Комисијата за концентрацијата поднесувајќи известување за концентрација бр. 08-87 од 16.05.2025 година, а дополнето на 05.06.2025, 23.06.2025 и на 03.07.2025 година и
- физичкото лице Ерџан Сулкоски ефективно соработуваше со КОП за време на постапката.

Врз основ на горенаведеното КОП утврди дека физичкото лице Ерџан Сулкоски како лице кое стекнало контрола над Друштво за производство, трговија и услуги РКМ ДОО Скопје иако согласно член 18 став (1) од Законот не смеело да ја спроведе концентрацијата пред 16.07.2025 година, како ден кога Комисијата донела решение со кое се утврдува дека предметната концентрација е во согласност со Законот, физичкото лице Ерџан Сулкоски ја спровело концентрацијата на 23.08.2022 година со поднесување на пријава за промена до Централниот регистар на Република Северна Македонија, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот за што му се изрекува санкција - глоба во износ од 2.152.000 денари што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на физичкото лице Ерџан Сулкоски (пресметан согласно член 16 од Законот) остварен во 2021 година како година која и претходи на концентрацијата.

Согласно член 27 став (1) од Законот за прекршоците - Ако сторителот со едно дејствие или со повеќе дејствија сторил повеќе прекршоци, но не е донесена одлука за прекршок, претходно ќе се утврди санкцијата за секој одделен прекршок, а потоа ќе се изречат како единствена санкција сите така утврдени санкции.

Согласно член 27 став (2) од Законот за прекршоците - Ако за повеќе прекршоци сторени во стек е утврдена глоба ќе се изрече единствена санкција што е еднаква на збирот на одделно утврдената глоба, која не може да го надмине законскиот максимум на глобата пропишана со закон.

Оттука, КОП, согласно член 27 од Законот за прекршоците, на физичкото лице Ерџан Сулкоски му изрекува единствена санкција – глоба во износ од 2.459.000 денари, што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на физичкото лице Ерџан Сулкоски остварен во 2021 година (согласно член 16 од Законот) како година која и претходи на концентрацијата.

**Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**